РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-501/1
27-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 27-ма седница одржана на 23.01.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапувањето по пријавата со број 12-2363/1 од 04.09.2024 година, а во врска со пријава број 12-1430/4 од 12.07.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по предметните наводи постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2363/1 од 04.09.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-2363/1 од 04.09.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител, заведена под бр. 12-1430/4 од 12.07.2024 година. Оваа пријава е заведена кон предметот со бр. 12-1430/1 од 17.04.2024 година, која потоа е раздвоена за постапување во овој посебен предметен случај. Во пријавата се содржани наводи на сомневања за незаконско работење во Универзитетот “-------------------------------------- односно, наводи за злоупотреба на средства од партиципациите и школарините уплатени од студентите.

Врз основа на преземените дејствија за овој предметен случај, ДКСК утврди дека по истите наводи постапува Основно јавно обвинителство Битола, каде што е оформен кривичен предмет заведен под КО -----------------. Воедно, до ДКСК е

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

доставено известување од Државен просветен инспекторат со Записник од извршен вореден инспекциски надзор во Универзитетот "------------------------------------------------- од 05.06.2025 година. Надзорот бил извршен по доставено барање од МВР –БЈБ- СВР Битола кое постапувало по наредба на ОЈО Битола, во кое бил оформен предмет врз основа на поднесена кривична пријава од група студенти за наводно сторено кривично дело од страна на раководниот кадар на наведениот Универзитет. При надзорот, кој бил извршен со предмет на надзор: работа во институцијата, од страна на државниот просветен инспектор не биле констатиран неправилности во работењето на субјектот на надзор, по што инспекциската постапка била запрена согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи постапувањето по овој предметен случај да го запре од причина што предметните наводи спаѓаат во надлежност на друг надлежен орган, кој презема дејствија за утврдување на состојбите по однос на наводите од пријавата.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: Ј.Ц.,раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: З. Б., член